Република Северна Македонија
Министерство за култура
Сектор за нормативно-управни работи и за авторското право и сродните права

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës
Sektori i Çështjeve Normative-Administrative dhe i të Drejtës së Autorit dhe të Drejtave të Ndërlidhura

Архивски број: 53-2870/ 2
Датум : 24.03 2021 година

До: Националната установа Драмски театар - Скопје

Предмет: Известување
Врска: Ваш допис бр.0201-65/4 од 17.03.2021 г.

Почитувани,

Во врска со вашиот допис под горенаведениот број со кој барате мислење по спроведен јавен оглас за вработување на работноместо Друг раководител (Шифра КУЛ 03 04 Г01 003- давател на јавни услуги),а во врска со посебниот услов – работно искуство во струката, Министерството за култура, како надлежен орган за работите од областа на културата, ве известува за следново:

Во врска со прашањето околу исполнувањето на услови за вработување на работно место Друг раководител - категорија Г ниво Г1, особено околу прашањето за исполнување на условот за работно искуство во струката, законските услови го предвидуваат следново:

Во јавна установа од областа на културата вработените се групираат во групи и подгрупи согласно Законот за вработените во јавниот сектор. За вработенити во зависност на нивниот стасуст се применуваат Законот за администрација, Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за културата и Законот за работните односи.

За вработените во јавните установи од областа на културата кои имаат статус на даватели на јавни услуги во културата се применуваат одредбите Законот за културата, одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи.

Во членот 76-д се е утврдено дека вработените од категоријата Г треба да имаат најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен или завршено средно образование. Вработените од категоријата Г треба да имаат работно искуство и тоа: за нивоата Г1 и Г2 најмалку пет години работно искуство во струката.

За пополнување на работно место за давателите на јавни услуги во културата, кандидатот треба да ги исполни следните општи услови: да е полнолетен; да има општа здравствена способност за работното место и со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Покрај погоренаведните општи услови за пополнување на работно место за давателите на јавни услуги во културата, кандидатот треба да ги исполни и посебните


Министерство за културата
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643
www.kultura.gov.mk

услови утврдени во актот за систематизација на работните места во јавната установа од областа на културата, како: да има соодветни стручни квалификации потребни за работното место, да има соодветно работно искуство потребно за работното место и да поседува други посебни работни компетенции потребни за работното место, согласно актот за систематизација на работните места и колективен договор.

Поимот работно искуство во струката е утврден во Законот за административни службеници, но овој Закон за вработените со статус на даватели во културата не се применува.

Со Законот за културата, со Законот за вработените во јавниот сектор и со Законот за работните односи работното искуство во струката не е дефинирано и треба да се толкува пошироко, односно работното искуство може да се докаже со договори за работа кои се евидентирани во Агенцијата за вработување, но и со други договори за дело/ангажирање или други договори од кои недвосмислено ќе се утврдат потребните години работно искуство.

Со почит,

МИНИСТЕР

Ирена Стефоска

53/
Изработил: Анастасија Кукоска Јованоска, советник
Согласен: Фросина Ѓоршовска, рак.на одделение
Одобрил: Весна Илиевска, држ.советник


Министерство за културата
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr "Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643
www.kultura.gov.mk